РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Комитет за следење на ИПАРД*

## Записник Бр. 7

# Записник од седмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

## 16 декември, 2010 / Конференциска сала – Спортска сала “Борис Трајковски”, Скопје

Арх. бр. 16-5575/1

Датум: 13.06, 2011

Скопје

Примено: 19.07.2011

| Орг. единица | Број | Прилог |
|---|---|---|
| 1403- | 64/2 | |

## I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

**Претседател на Комитетот за следење на ИПАРД**, **м-р Перица Иваноски**, Заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)

**Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД:** Раководител на Тело за управување со ИПАРД (ТУ), **м-р Маргарита Делева** – Државен советник за рурален развој и Секретар на Комитетот за следење на ИПАРД, **г-ца Василка Тамбуркова,** Виш соработник за следење на спроведување на ИПАРД фондовите и известување

**<u>Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД и нивни заменици</u>:**

1. **Г-дин Живко Брајковски**, Раководител на сектор за европски интеграции, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
2. **Г-дин Абдилгафар Синани**, Раководител на сектор за земјоделство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
3. **Г-ѓа Снежана Герасимова Матевска** , Министерство за култура
4. **Г-дин Јордан Кузмановски**, Директор, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството,
5. **Г-ѓа Вахида Реџепагиќ**, Директор, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија,
6. **Г-дин Александар Зарков**, Агробизнис комора
7. **Г-дин Сашо Ристевски**, Секретар, Македонска Асоцијација на Преработувачи,
8. **Г-ѓа Марија Ѓошева Ковачевиќ**, Федерација на Фармери во Република Македонија,,
9. **Г-ѓа Наташа Вртеска**, Правен Советник, Заедница на единиците на локалната самоуправа,
10. **Г-ѓа Олга Стоименова**, Претседател, Здружение на жени земјоделки „Агро-Винка“, Виница,
11. **Г-ѓа Оливија Штерјова** , Комора на занаетчии на Република Македонија,

**Г-дин Христо Ловачев** претставник на Националниот ИПА Координатор (НИПАК), Секретаријат за европски прашања

**<u>Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:</u>**

1. **Г-дин Жерард Кили**, Раководител на Г4, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),
2. **Г-ца Елица Јанакиева**, Одговорен службеник за земјата кандидат, одделение Г.4., Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),

.

**<u>Претставници на ИПАРД структурата:</u>**

**1. Претставници од НАО и НФ :**

- **Г-ѓа Александра Симјановска**, Раководител на одделение, Министерство за финансии,

**2. Претставници од Тело за Управување:**

- **Г-дин Виктор Младеновски**, Виш соработник, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување,
- **Г-дин Александар Митревски**, Виш соработник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови,
- **Г-дин Стојан Гацов**, Советник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови,
- **Г-дин Игор Трошански**, Советник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови.

**3. Претставници од Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР):**

- **Г-дин Тони Димовски**, Директор на ИПАРД Агенција
- **Г-ѓа Маја Брајовиќ**, Раководител на сектор за внатрешна ревизија,
- **Г-ѓа Билјана Вуковиќ**, Раководител на одделение за правни работи

*Листа на проверка на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во **Прилог 1** од овој Записник.*

*Листа на набљудувачи е прикажана во **Прилог 2** од овој Записник.*

***Резултати: Претседателот на Комитетот и 13 членови и нивни заменици со право на глас (од вкупно 21 член со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум за донесување на соодветните одлуки.***

## II. ДНЕВЕН РЕД

Предложениот Дневен ред за овој состанок е прикажан во **Прилог 3** од овој Записник.

## III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:

### *1. Во врска со точка 1 од дневниот ред: “Почеток на состанокот ”*

Состанокот го отвори Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД, посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК).

Г-ѓа Делева процедурално објасни за предвидениот термин за доставување на материјалите за работа на Комитетот за следење на ИПАРД (15 работни дена пред денот на одржување на состанокот) 29.11.2010 година, материјалите до Европската Комисија беа доставени на 30.11.2010 година, а до членовите на 05.12.2010 година. Задоцнувањето на македонската верзија од документите е поради нискиот квалитет на превод од избраната куќа со најниска понуда кој при одобрување на преводот мораше целосно да се ревидира за достигнување на квалитетот на содржината.

Во овој контекст, Г-ѓа Делева ги информира членовите на Комитетот за следење, дека согласно Деловникот за работа доколку ги добијат материјалите по предвидениот рок, можат за истите да побараат да не се одлучува на состанокот туку за истите да се одлучува по пишана процедура.

Земајќи ги во предвид ова, коментарите беа прифатени, па затоа членовите се согласија за дискусија и ја одобрија доставената документација, според усвоениот дневен ред.

***2. Во врска со точка 1 од дневниот ред: "Одобрување на предлог Дневниот ред за седмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД"***

Претседателот се осврна на предлог Дневниот ред на состанокот и отвори дискусија по однос на предложените точки од истиот.

Г-ѓа Делева предложи во точка 11**.** Разно од Предлог дневниот ред дополнително да се вклучат три презентации од страна на ИПА 2008 Проектот за развој и спроведување на агро-еколошки мерки, ИПА 2008 Проект за воспоставување на заеднички пазарни организации (СМО) и ЦеПроСард за проектот "Агроенергија" финансиран од СИДА.

Во отсуство на други забелешки, Претседателот ја усвои следнава одлука:

| |
|---|
| *Одлука бр.1:*<br><br>Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог дневниот ред на (7ми) седми (есенски) состанок на Комитет за следење на ИПАРД, со вклучени измени по предлог на присутните членови |

| |
|---|
| *Конечниот Дневен ред е прикажан во **Анекс 1**.* |

***3. Во врска со точка 2 од дневниот ред:"Усвојување на Записникот од претходниот (шестиот) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 28 мај , 2010 година )"***

Претседателот ги информираше членовите дека нацрт Записникот од 6-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 28 мај, 2010 година) беше доставен на коментари до сите членови на Комитетот и претставниците на Европската Комисија.Претставниците на Европската Комисија доставија забелешки за записникот кој се приложени како Анекс 3 во предлог Записникот.

Претседателот, подобрениот предлог Записник од 6-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД заедно со придружните материјали, го стави на усвојување на тековниот состанок.

Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава:

| |
|---|
| ***Одлука бр. 2:***<br><br>Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог Записникот од (6-от) шестиот (пролетен) состанок, кој се одржа на 28 мај, 2010 година, како финален. |

| |
|---|
| *Усвоениот Записник е прикажан во **Анекс 2**.* |

***4. Во врска со точка 3 од дневниот ред:"Извештај на Телото за управување со ИПАРД за реализација на Одлуките донесени на 6-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, (одржан на 28 мај , 2010 година)***

Г-ѓа Делева информираше за напредокот во спроведувањето на Одлуките донесени на 6-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 28 мај 2010 година.

Имајќи го во предвид извештајот во рамки на Заклучокот бр.1 од Извештајот за напредокот на Одлуките / Заклучоците донесени на 6-ти (пролетен) Комитет за следење на ИПАРД во врска со членувањето, Г-ѓа Делева истакна дека новите членови и присутни заменици членови да потпишат изјави за непристрасност и истите да ги предадат до Секретарот на Комитетот – Василка Тамбурковска.

Г-ѓа Марија Ѓошева - Ковачевиќ ја коментира одлуката бр.4од Извештајот за напредокот на Одлуките / Заклучоците донесени на 6-ти (пролетен) Комитет за следење на ИПАРД во врска со статусот на програмските измени со давање предлог за изменување и дополнување на Програмата во врска со критериумите и дополнување на прифатливите трошоци. (Предлогот е вклучен како **анекс 4**).

Претседателот побара од претставниците на економските партнери навремено да ги дадат своите коментари и предлози за модификација на Програмата до Телото за управување со ИПАРД во писмена форма.

Целосниот извештај е прикажан во **Анекс 3**

Предлог за измена на Програмата и модификација на Листата на прифатливи трошоци од страна на Федерацијата на фармери е претставена целосно како **Анекс 4.**

***5. Во врска со точка 4 од дневниот ред:"Информација од третиот состанок на Комитетот за следење на ИПА, одржан на 3 декември, 2010***

Г-дин Ловачев информираше за заклучоците и препораките од третиот ИПА Комитет одржан на 3 декември, 2010 година.Тој истакна дека на ИПА Комитет се донесени следните заклучоци :

1. Потребна е ревизија на административните капацитети и организациската поставеност во рамките на ИПАРД оперативната структура со цел исполнување на идните предизвици.
2. Направена е проверка на причините кои предизвикуваат големо одбивање на апликации од првиот повик со цел подобрување на процесот и обезбедување поддршка на корисниците за следните повици во оваа Програма.
3. Подготовка на план за објавување на повици за ИПАРД 2011 со можност за зголемување на бројот на повици и со цел задоволување на потребите на корисниците.

Тој информираше и за препораките кои се дадени на ИПА Комитетот:

1. Акредитацијата на новите мерки ќе биде во фокусот на вниманието, посебно акредитацијата на мерката за Техничка помош.
2. Третата модификација да биде завршена без никакви понатамошни одложувања.
3. Потребно е понатамошно работење за надминување на утврдените недоследности во националната правна и институционална рамка.
4. Посебно внимание да се посвети на задржување на добро обучените кадри.

Во однос на системите за управување и контрола, како што г-дин Ловачев информираше, следните заклучоци и препораки беа разгледани од страна на членовите на ИПА Комитетот за следење:

1. НАО е одговорен за одржување и уште повеќе за зголемувањето на квалитетот на системите за управување и контрола утврдени со секоја Оперативна структура, овозможувајќи редовно следење и информирање за надминување на останатите ризици од среден обем произлезени од Ревизорскиот извештај на Европската Комисија до Владата и Службите на Европската Комисија.
2. Акредитацијата за ДИС и пренос на надлежности за децентрализирано управување (особено за компонента 1) има најголем приоритет и е предуслов за имплементација на програмите од ИПА инструментот.
3. Да се зајакне и да се одржи соработката меѓу Оперативната структура и ефикасното користење на ИПА средствата и да ја следи имплементацијата на принципот за „партнерство и сопственост“.

Г-дин Ловачев, истотака информираше и за генерални заклучоци и препораки, како што следува :

**- во поглед на Планот за програми и избор на активности за постигнување на одредени цели:**

1. Дизајнот на проекти под сите Оперативни/Национални Програми се во согласност со приоритетите на земјата, како што се прикажани во МИПД.
2. Откако имплементацијата ќе започне за сите компоненти, ќе биде проследена со среднорочна евалуација за секоја компонента и на тој начин ќе понуди солидна основа за носење на заклучоци и препораки наспроти дизајнот на Програмите непотценувајќи ги карактеристиките на програмата.

**- во поглед на Одржливост или очекувана одржливост на промените предизвикани со помош на програмите:**

1. Заедничкиот Комитет за Следење повикува на споделување на добри практики утврдени во рамките на секторските комитети и идните подсекторски комитети.
2. Се препорачува избегнување на преклопување со друга билатерална и мултилатерална помош.

3. Онаму каде што е потребно да се остварат дополнителни вработувања и притоа да се искористат постоечките можности за обуки

Г-дин Ловачев информираше дека на ИПА комитет за следење е препорачано Секторските комитети за следење треба да се закажат пред состанокот на ИПА комитет за следење.Истотака информираше дека од членовите на ИПА комитет за следење е препорачано однапред да се закажат двата состаноци на Секторските комитети за следење за да се постигне навремено подготвување и поднесување на извештаите и ефективно работење на комитетите за следење Овој пристап ќе помогне Заедничкиот ИПА комитет за следење да се одржува во декември секоја година и се сумираат достигнувањата на сите пет компоненти.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го донесе следниот:

***Заклучок бр.1:***

Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за третиот ИПА Комитет оддржан на 3 декември, 2010 година и за заклучоците и препораките донесени на истиот.

***5.1. Во врска со точка 5.1 од дневниот ред :"Испитување на резултатите на ИПАРД Програмата преку индикатори – податоци за следење"***

Г-дин Младеновски информираше за досегашните резултати од спроведување на ИПАРД Програмата и реализација на целите на Програмата врз основа на собраните податоци од следењето во периодот од декември 2009 до декември /2010.

Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава:

**Одлука бр. 3**:

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата го разгледа Годишниот извештај за следење на ИПАРД Програмата за 2010 година и ги утврди досегашните разултати од спроведување на ИПАРД Програмата, особено реализацијата на поставените цели по мерки и употребата на финансиските алокации и групи на инвестиции.

Годишниот извештај за следење на ИПАРД Програмата за 2010 година е прикажан во **Анекс 5.**

***5.2. Во врска со точка 5.2 од дневниот ред: "Состојба од вториот јавен повик за поднесени апликации за ИПАРД Програмата 2007-2013 , од 30.09-29.11.2010 година."***

Г-дин Димовски информираше за резултатите од вториот јавен оглас за поднесување на барања за користење на средства на ИПАРД Програмата 2007-2013, во период од 30.09-29.11.2010. Тој информираше дека до завршување на огласот до 29.11.2010 година пристигнати се 112 апликации, од кои за мерката 101 - 67 апликации, за мерката 103 - 25 апликации и за мерката 302-20 апликации.

Во однос на највисоките интереси во рамките на групите на инвестиции по мерка, г-дин Димовски информираше дека најголем интерес во рамки на мерката 101 е за

инвестиции за обновување на постоечките овошни насади (39 апликации) и производство на зеленчук (12 апликации) од кои 9 апликации се за изградба и обновување на пластеници. Во рамки на мерката 103, г-дин Димовски објави дека најголем интерес е регистриран за преработка на овошје и зеленчук - 15 апликации. Најголем интерес пројавен е за промовирање на активности од рурален туризам - 13 апликации, од кои 6 инвестиции за реконструкција на објекти на земјоделскио стопанство со намена за рурален туризам , придружен со рекреативен капацитети и 7 инвестиции за градење на угостителски објекти, сместување на отворено (кампови) и капацитети за рекреација, во рамки на мерката 302.

Тој истакна дека износот што е побаран за кофинансирање за овој оглас индикативно изнесува приближно околу 14 милиони евра. Во однос на првиот јавен повик, тој информираше дека од 27 одобрени апликации 5 се обработени и ќе бидат исплатени на апликантите до крајот на декември или почеток на јануари.

Г-ѓа Јанакиева, побара детални податоци во извештајот поднесен до ЕК, како план на износот на исплата на претфинансирање во согласност со Секторската спогодба.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го донесе следниот:

**Заклучок бр.2:**

Се задолжува ИПАРД Агенцијата да го достави извештајот до Телото за управување со ИПАРД, а Телото за управување со ИПАРД да го вклучи како Анекс кон Записникот од 7ми Комитет за следење на ИПАРД.

*Податоците за состојбата со од вториот јавен оглас за поднесување на барања за користење на средства на ИПАРД Програмата 2007-2013,, изработена од страна на ИПАРД Агенцијата се дадени во* ***Анекс 6.***

***5.3 Во врска со точка 5.3 од дневниот ред: ”Дискусија од проблемите на апликантите од првиот јавен повик за ИПАРД Програмата 23.12.2009-17.03.2010 година.***

Г-дин Митревски ги презентираше резултатите од тематското истражување на мислењето на апликантите за надминување на проблемите од првиот јавен повик. Г-дин Митревски информираше дека анкетното истражување, Телото за управување го спроведе преку 130 прашалници кои беа пратени до апликантите. Тој истакна дека стапката на одговорени е 33 % , што мислиме дека не е добро па затоа побара да се задолжи ИПАРД Агенцијата за третиот оглас овие прашалници да бидат во состав на формуларите за барања на користење на средства од ИПАРД Програмата, за да може да се изготви подобра анализа на состојбите со апликантите.

Г-дин Димовски истакна дека анкетата е доста корисна и ќе послужи за понатамошно истражување во вистинска насока на сите институции вклучени во процесот.

Г-дин Ристевски истакна дека истражувањата несмеат да се вршат од страна на ИПАРД Агенцијата, бидејќи ИПАРД Агенцијата е орган кој треба да спроведува ИПАРД апликација, а не истражување. Тој истакна дека истражувањата треба да ги врши Телото за управување. Ристевски предложи да ИПАРД Агенцијата содржајно и детално во решенијата за одбивање на апликантите да ги изнесе причините за одбивање.

Г-ѓа Илиевска информираше за проблемите на апликантите од првиот јавен повик на ИПАРД Програмата  кои биле воочени од страна на АПРЗ. Таа истакна  дека врз основа на континуираната состојба од првиот јавен повик по ИПАРД Програмата, АПРЗ својот потенцијал и ресурси ги насочи кон  надградување на сопствените капацитети, трансфери , информации и обуки на земјоделците, воедно давајќи акцент на јакнење на сопствената структура , поголемо информирање на земјоделците, медиумско претставување , поддршка за помош при пополнување на апликативниот пакет.

На крајот, Г-ѓа Илиевска истакна дека за ефикасна реализација на ИПАРД Програмата е наметната потреба од формализирање на  улогата, правата и обврските на инволвираните страни, поддршка на активна и непосредна комуникација со фармерите во рамките на помали групи на потенцијални корисници, зајакнување на активно функционирање на работни групи за следење на спроведување на мерките од ИПАРД Програмата., формирани од Комитетот за следење на ИПАРД каде што членуваат и претставници од АПРЗ.

Г-ѓа Делева истакна за да се надминат проблемите со кои се соочуваат фармерите и советниците кои се на терен, треба да се воспостави спрега помеѓу институциите кои се управувачи на програмата и оние кои ја спроведуваат програмата.

Г-ѓа  Ѓошева-Ковачевиќ предложи сите институции кои се инволвирани во процесот на следните Комитети да имаат свои презентации за надминување на проблемите на аликантите. Тој истакна дека  апликантите имаат голем проблем со банките за добивање на кредити, дека нема направено детална анализа колку апликации се пополнети од страна на советниците на АПРЗ.

Г-дин Шаклев  истакна дека фармерите не се задоволни со соработката со советниците на АПРЗ бидејќи не доаѓале на лице место за да се запознаат со проблемите на земјоделците. Тој истакна дека треба да има поголем број на обучени советници  за да можат да помогнат во пополнување на апликациите на фармерите и навреме да ги информираат апликантите за секој нареден повик за ИПАРД Програмата.

Г-дин Кили истакна дека проблемот не е во недоволниот број на апликации бидејќи бројот е прилично висок, но во стапката на отфрлање . Тој рече дека напори треба да се направат за да се намали стапката на отфрлање и да се обезбеди транспарентност во процесот на апликации со цел да се задржи интересот на земјоделците да аплицираат за следната повици.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го донесе следниот:

***Заклучок бр.3:***

Се задолжуваат сите институции кои се вклучени во ИПАРД Програмата навремено да го известуваат Телото за управување со ИПАРД за проблемите со кои се соочуваат апликантите, за да може Телото за управување со ИПАРД да превземе активности за надминување на проблемите на апликантите и за истото да го информира Комитетот за следење на ИПАРД.

*Истражување на апликантите од првиот јавен повик од страна на Тело за управување е прикажан во* ***Анекс 7***

Извештај на АПРЗ е прикажан во ***Анекс 8***

*Коментарите од ФФРМ се прикажани* ***во Анекс 9***

***6. Во врска со точка 6 од дневниот ред:"Информација/дискусија за резултатите од тековната проценка "***

Г-дин Митревски го презентираше првиот извештај за проценка на ИПАРД Програмата.Тој ги праша претставниците од Европска Комисија дали може Економски институт да прави проценка на ИПАРД Програмата, меѓутоа не доби никаков одговор од страна на претставниците на Европска Комисија .

Г-ѓа Делева информираше дека првиот извештај за проценка на ИПАРД Програмата е доставен до Надлежниот координатор за акредитација –Министер за финансии, м-р Зоран Ставревски и примерок е доставен и до Раководителот на ревизорско тело за предпристапни фондови, г-дин Иван Игњатов.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го усвои следново:

**Одлука бр.4**

Комитетот за следење на ИПАРД го разгледа и одобри Годишниот извештај за тековната проценка на ИПАРД Програмата за 2010 година

***Заклучок бр.4***

*Се задолжува Телото за управување со ИПАРД да го вклучите Годишен извештај за следење, како дел на Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата*

*Прв Годишен извештај за проценка е прикажан во* ***Анекс 10***

***7.Во врска со точка 7 од дневниот ред:"Информација за ефективно функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД"***

Г-ѓа Симјановска информира околу функционирање на системот за следење и на исполнување на критериумите за акредитација, ИПАРД финансиските алокации, капацитетите на ИПАРД структура и Одделението за внатрешна ревизија на ЕУ - ИПА фондовите.

*Извештајот од НАО е прикажан во **Анекс 11***

***8.Во врска со точка 8 од дневниот ред: "Информација за напредокот во активностите поврзани со Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата"***

Г-ѓа Делева, по одобрување од страна на претставник на Европската комисија го замени претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД.

**8.1 Извештај за напредокот во спроведување на мерката за публицитет**

Г-ѓа Делева по одобрување од страна на претставникот на Европска Комисија, го замени претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД и ги презентираше активностите поврзани со Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата. Таа ги наведе клучните активности планирани и реализирани согласно акциониот план за 2009 и планираните и реализирани активности согласно акциониот план за комуникација и публицитет за 2010. Таа истакна дека промотивните активности ќе продолжат и во наредниот период особено непосредно пред и по објавување на јавните повици во наредната година, а ќе се одвиваат согласно со Акциониот план за спроведување на активностите за комуникација и публицитет за 2011 година.

**8.2 Заклучок/Одобрување на ажуриран Комуникациски план на ИПАРД и нацрт верзија на Годишен Комуникациски План**

Г-ѓа Делева информираше дека активностите за Комуникација на ИПАРД Програмата се одвиваат согласно еден стратешки документ, којшто важи за целото времетраење на Програмата, а секоја година се приложува посебен Акционен план и се поднесува на одобрување. Овој Комуникациски план беше усвоен минатата година, договорен помеѓу Европска Комисија и Телото за управување и усвоен од членовите на Комитетот за следење на ИПАРД. Оваа година е направена ревизија на стратешкиот дел, односно на делот којшто се однесува на Буџет, при што буџетот за финансирање на овие активности се распредели за од 2007-2013 со индикативни проценти на трошење и со индикативни стратешки активности. Во делот на спроведувањето, Комуникацискиот план е усвоен согласно распределбата на задачите помеѓу Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата согласно склучениот имплементирачкиот договор, со вклучување на специјалните одредби за видливост на ИПАРД Програмата. Исто така корекција е направена на реакција од процесот на акредитација за активностите наречени тренинг на тренери со коишто ревизорите препорачаа дека би се појавила опасност за создавање на малкумина коишто би можеле да помагаат при процесот на аплицирање и дека би било потенцијално тесно грло. Затоа обуките ќе се однесуваат на широки групи кои ќе ги спроведува Телото за управување и интензивно ќе се користат таканаречени посреднички организации односно сите економски, социјални партнери, невладини организации коишто ќе пројават интерес за едукација, одржување на семинари по нивна иницијатива.

Г-дин Трошански понатаму го презентираше предлог годишниот акционен план за Комуникација за 2011 година. Тој ги потенцираше измените кои се направени во предлог Акциониот план за Комуникација за 2011 и тоа објавување на измените на ИПАРД Програмата на цд –еднаш годишно, промоции на добри практики на ИПАРД

проекти,учество на семинари,соопштенија за јавност и прес конференции -20 пати годишно меѓутоа тој истакна дека имаме предлог од Секторот за односи со јавноста да надополниме со редовни брифинзи 2 пати месечно со новинарите кои ќе бидат информирани за сите промени кои се случуваат околу ИПАРД Програмата и последната измена е промотивна кампања за дополнителни ИПАРД мерки .

Г-дин Трошански информираше дека поради намалување на капацитетот на вработени во Телото за управување со ИПАРД и немањето на финансиски средства неможеше да се постигне голем публицитет за вториот јавен повик,меѓутоа и иако немало голем публицитет сепак и вториот јавен повик за ИПАРД Програмата успешно поминал.

Г-ѓа Делева предложи за поефикасно промовирање на ИПАРД Програмата да се активира Комитет за публицитет, во кои ќе се вклучат сите посреднички организации од локалната самоуправа, центрите за регионален развој, агенцијата за поддршка на претприемништвото и сите заедно да ги договориме активностите кои ќе ги спроведуваме наредната година со цел да обезбедиме подобар публицитет на ИПАРД Програмата. Сепак, таа додаде дека засега нема службеник за публицитет назначен во Телото за управување со ИПАРД, поради намалување на вработените.

Г-ѓа Симјановска предложи не само АПРЗ туку и здруженијата на земјоделци, федерацијата на фармери, асоцијациите активно да се вклучат во информирање на своите членови за ИПАРД Програмата.

Г-ѓа Ковачева предложи во Годишниот извештај за Комуникација да се вметне и списанието на Федерација на фармери "Моја земја" од каде повеќе фармери би се информирале за ИПАРД Програмата.

Земајќи ги во предвид дискусиите, Претседателот го усвои следното:

**Одлука бр.5 :**
Комитетот за следење на ИПАРД го разгледа и усвои ревидираниот План за комуникација на ИПАРД 2007-2013 и придружниот предлог Акционен план за Комуникација за 2011. Притоа го задолжи Претседателот на Комитетот да го извести Комитетот за следење на ИПАРД за реализација на Акциониот план за комуникација за 2011 на наредниот (пролетен) состанок

*Извештај за напредокот во спроведување на мерката за публицитет е прикажан во* ***Анекс 12***

*Ревидиран план за Комуникација на ИПАРД (нацрт) и Нацрт Годишен Акционен План за комуникација за 2011 е прикажан во* ***Анекс 13***

***9. Во врска со точка 9 од дневниот ред:"Активности во врска со Техничка Помош ".***

**9.1. Напредок во подготовка на акредитација на мерката 505 Техничка помош**.

Г-ѓа Симјановска истакна дека во однос на акредитација на мерката за техничка помош, ИПАРД структурите го финализирале процесот на подготовка и на воспоставување на системот, со тоа што ги прилагодиле своите внатрешни

процедури за работа за имплементација на мерката за техничка помош и за искористување на средствата по истата. Таа истакна дека следниот чекор е контактирање на независна ревизија којашто ќе го спроведе процесот на усогласување на внатрешните процедури, со барањата коишто ги поставува ИПА регулативата за воспоставување на оваа мерка. Таа информираше дека средствата за оваа мерка се обезбедени од буџетот од 2011 година. Информираше дека по добивањето на позитивен резултат од независната ревизија ќе следи национална акредитација, од страна на Надлежниот координатор за акредитација врз Националниот службеник за авторизација и Националниот Фонд, и врз основа на таа акредитација Националниот службеник за авторизација ќе додели национална акредитација на Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата. Таа истакна дека акредитацијата на мерката за техничка помош зависи од капацитетот на вработени и дека во моментот се работи на зголемување на капацитетите во ИПАРД структурите и се надева дека во првата половина од 2011 година ќе дојде до акредитација на мерката за техничка помош.

**9.2 Одобрување на предлог Годишниот Акционен план за спроведување на Техничка помош 2011.**

Г-ѓа Делева информираше за содржината на Годишниот Акционен План за спроведување на мерката Техничка помош

Без дополнителни коментари, Претседателот ја усвои следнава:

**Одлука бр 6:**
Бидејќи на 7ми состанок за следење на ИПАРД не беше постигнат доволен кворум за донесување на одлука,се задолжува Телото за управување со ИПАРД да поведе постапка за донесување на одлука, по пат на пишана процедура со цел да се донесе одлуката за Годишниот План за спроведување на мерката од ИПАРД Програмата 2007-2013 за Техничка помош за 2011.

***10. Во врска со точка 10 од дневниот ред: "Придонес од Комитетот за следење на ИПАРД за усвојување на следниот Повеќегодишен Индикативен плански документ 2011-2013"***

Г-ѓа Делева го образложи нацртот од Повеќегодишниот Индикативен Плански документ 2011-2013 за Компонента V.

**Заклучок бр 5:**
Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за нацрт верзијата на Повеќегодишниот Индикативен Плански документ 2011-2013 за Компонента V.

**10.1 Информација за статусот од потпишување на Повеќегодишната спогодба за финансирање за ИПА Компонента V- Рурален развој за финансиски период 2007-2011.**

Г-дин Ловачев информираше дека на 200та седница на Владата на РМ одржана на 14 декември 2010 година, под точка 95 се усвои текстот на информацијата и се овласти ЗПВРМ и НИПАК Др. Васко Наумовски во име на Владата да го потпише дополнувањето на Повеќегодишната спогодба за финансирање 2007-2010 за ИПАРД со финансиска алокација за 2011 година во вредност од 14 милиони евра. Истата ќе биде потпишана од двете страни во јануари 2011 согласно последните информации од ГД за земјоделство. Со усвојувањето на новиот МИПД 2011-2013 согласно кој за оваа компонента на РМ и се распределени 16 милиони евра, дополнително ќе следи постапка на потпишување со која што ќе и се стават на располагање дополнителни 2 милиони евра, односно во вкупна вредност од 16 милиони евра за 2011 година.

Земајќи ги во предвид дискусиите, Претседателот го донесе следниот заклучок:

**Заклучок бр.6:**

Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за потпишувањето на Повеќегодишната спогодба за финансирање за ИПА Компонента V-Рурален развој за финансискиот период 2007- 2011 година.

***11. Во врска со точка 11 од дневниот ред:"Разно"***

***11.1 Извештај за напредокот на усогласување на националното законодавство во однос на ИПАРД по НПАА.***

***11.2 Извештај за спроведување на TAIEX активности во однос на ИПАРД.***

Г-дин Брајковски информираше за превземените активности за реализација на НПАА (Националната Програма за усвојување на правото на ЕУ) и TAIEX активностите во изминатиот период, и информираше за планот за идни активности.

***11.3 ИПА Компонента I-Проекти на ИПАРД.***

***1. Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој –ЦеПроСАРД***

Г-ѓа Мицевска информираше за ЦеПроСАРД за проектот "Агроенергија" - невладина организација која ги насочува своите активности кон одржлив развој, применувајќи мултидисциплинарен пристап.Таа информираше дека во фокусот на ЦеПроСАРД е руралниот развој и оваа невладина организација има два тековни проекти кои се поврзани со ИПАРД програма.Таа информираше подетално за двата тековни проекти Агроенергија и ИПАРД информатор.

**2.Усвојување и примена на европското законодавство за Заедничка земјоделска политика, а особено за основање на заедничка пазарна организација**

Г-дин Абот информираше подетално за проектот, кои се членови во проектот, каде се наоѓа и кои се главните задачи на проектот кои би помогнале за ИПАРД Програмата.

**-Развој и спроведување на агроеколошки мерки**

Претставник од проектот за развој и спроведување на агроеколошки мерки ја образложи суштината на проектот.Тој информираше дека целта на проектот е обезбедување на техничка помош на МЗШВ и ИПАРД Агенцијата со цел да се зајакнат националните и регионалните способности потребни за реализација на приоритетите за усогласување со барањата со ЕУ и пазарно ориентираните реформи и развој на секторот со посебен нагласок Развој на агроеколошки мерки .Тој ги презентираше и очекуваните резултати од  проектот.

Со оглед на тоа што се спомнува ИПАРД, г-ѓа Делева  запраша освен ИПАРД Агенцијата кои други релевантни институции поврзани со ИПАРД ќе имаат можност да ги користат проектните активности и каква е поврзаноста на проектните активности што се планирани со програмирањето и спроведувањето на ИПАРД средствата.

Претставникот од проектот одговори дека корисници ќе бидат МЗШВ и ИПАРД Агенцијата и вторите корисници ќе бидат  АПРЗ, за да им објаснат на фармерите кои се мерките, која е процедурата и формуларите кои треба да ги користат и кои се последиците доколку не се следат процедурите односно нема да им се вратат вложените средства

Г-ѓа Делева праша кој од МЗШВ ќе биде вклучен во проектот бидејќи во МЗШВ има многу вработени.

Претставникот од проектот одговори дека ќе биде вклучен Секторот за рурален развој при МЗШВ.

Претставникот од Европска Комисија праша дали фокусот на проектот за агроекологија ќе биде користен како во земјите членки на ЕУ

*Презентација за напредокот на НПАА и ТАИЕХ активности поврзани со ИПАРД Програмата кои се превземени во 2010 година е вклучена во* ***Анекс 14***

*Презентација на ЦЕПРОСАРД вклучена во* ***Анекс 15***

*Презентација на проектот за усвојување и примена на европското законодавство за Заедничка земјоделска политика, а особено за основање на заедничка пазарна организација вклучен во* ***Анекс 16***

*Презентација на проектот за развој и спроведување на агроеколошки мерки вклучена во* ***Анекс 17***

**13. Во врска со точка 12 од дневниот ред: “Предлог Дневен ред за следниот (осми) состанок на Комитет за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за следниот состанок”**

Претседателот предложи следниот Комитет за следење на ИПАРД да се оддржи во мај 2011, а точната дата на состанокот ќе биде договорена во согласност со можностите на претставниците на Европската Комисија  и го предложи  Дневниот ред за следниот состанок.

**ПОТПИСИ:**

| ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| м-р Перица Ивановски | м-р Маргарита Делева |
| Титула: Претседател | Титула: Раководител на Телото за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: 13/06/2011 | Датум: 13/06/2011 |

# Листа за проверка на присутност на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен “√” | Отсутен “√” | Претставник “√” | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | М-р Перица Ианоски, Претседател | **МЗШВ** | √ | | | | **0** |
| | | | **ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ** | | | | |
| **2.** | Г-ѓа Валентина Стојановиќ | **МЗШВ** | | | √ | | **0** |
| **3.** | Г-дин Живко Брајковски | **МЗШВ** | √ | | | | **0** |
| **4.** | Г-дин Абдилгафар Синани | **МЗШВ** | √ | | | | **0** |
| **5.** | Г-ѓа Славица Јакимовска | **МЛС** | | √ | | | **1** |
| **6.** | Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковски | **СЕП** | | | √ | Г-дин Христо Лованчев | **0** |
| **7.** | Г-ѓа Снежана Герасимова-Матеска | **МК** | √ | | | | **0** |
| **8.** | Г-дин Илир Шабани | **МЕ** | | √ | | | **2** |
| **9.** | Г-ѓа Јадранка Иванова | **МЖСПП** | | √ | | | **2** |
| | | | **АГЕНЦИИ** | | | | |
| **10.** | Г-дин Јордан Кузмановски | **АПРЗ** | √ | | | | **0** |

**Прилог 1 – Листа на присутни _7-ми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **11.** | Г-дин Љубиша Николовски | **Агенција за поддршка на претприемништвото** | | | √ | Г-ѓа Вахида Реџепагиќ | **0** |
| | | **ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ** | | | | | |
| **12.** | Г-ѓа Стојмирка Тасевска | **Стопанска комора на Македонија** | | √ | | | **1** |
| **13.** | Г-дин Зоран Даневски | **Сојуз на стопански комори** | | | √ | Г-дин Александар Зарков | **0** |
| **14.** | Г-дин Сашо Ристески | **Македонска асоцијација на преработувачи** | √ | | | | **0** |
| **15.** | Г-дин Андрија Секуловски | **Федерација на фармери на Македонија** | | | √ | Г-ѓа Марија Ѓошевска Ковачевиќ | **0** |
| **16.** | Г-дин Вељо Тантаров | **Сојуз на земјоделци на Македонија** | | √ | | | 1 |
| **17.** | Г-ѓа Наташа Вртеска | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | √ | | | | **0** |
| **18.** | Проф. Д-р Драги Димитриевски | **Факултет за земјоделски науки и храна** | | √ | | | **2** |
| **19.** | Г-дин Петар Андонов | **Движење на екологистите на Македонија** | | √ | | | 1 |
| **20.** | Г-ѓа Олга Стоименова | **Здружение на жени земјоделки Агровинка, Виница** | √ | | | | **0** |
| **21.** | Г-ѓа Оливија Штерјова | **Комора на занаетчии** | √ | | | | **0** |
| | **ВКУПНО** | **14** | **9** | **7** | 5 | | |

**Прилог 1 – Листа на присутни _7-ми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

## Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД:

### Претставници од државни институции:

1. Г-ѓа Билјана Костовска, Министерство за земјодество, шумарство и водостопанство, Мисија на Република Македонија при Европски Заедници,
2. Г-ѓс Ефимија Димовска, Земјоделски кредитен дисконтен фонд, Министерство за финансии
3. Г-ѓа Весна Илиевска, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството

### Претставници од социјални партнери:

1. Г-дин Ефтим Шаклев, Претседател, Асоцијација на земјоделци,

### Претставници од меѓународни финансиски институции, донатори и донаторски проекти:

1. Г-ѓа Лидија Фајдига, претставник од Германска техничка соработка (ГТЗ),
2. Г-дин Петар Георгиев – МААСП 2
3. Г-ѓа Габриела Мицевска - ЦЕПРОСАРД

### Дополнителни учесници и презентери:

1. Г-дин Недим Касами, Федерација на Фармери на Република Македонија,
2. Г-ца Соња Буковец, Тим лидер, Проект за развој и спроведување на агроеколошки мерки
3. Г-дин Егон Ветзел, Експерт за комуникации и обука –Проект за развој и спроведување на агро-еколошки мерки,
4. Г-дин Хемфри Абот – Тим лидер, Проект за усвојување и примена на европското законодавство за Заедничка земјоделска политика, а особено за основање на заедничка пазарна економија

**Прилог 2 – Листа на набљудувачи на 7-ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

Предлог Дневен ред
За седми Комитет за следење на ИПАРД

Датум: 16 декември, 2010
Место: Спортски Центар “ Борис Трајковски” – Конгресна сала

1 .Одобрување на предлог дневниот ред за седми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД;
2. Усвојување на Записникот од претходниот (6-ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 28 мај, 2010 година);
3. Извештај на Телото за Управување со ИПАРД за реализација на Одлуките донесени на шестти состанок на Комитет за следење на ИПАРД, (одржан на 28 мај, 2010 година);
4. Информација од треттиот состанок на Комитетот за следење на ИПА, одржан на 3 декември, 2010 година
5. Состојба со спроведувањето на ИПАРД Програмата
5.1. Испитување на резултатите на ИПАРД Програмата преку индикаторите – податоците за следење
5.2. Состојба од вториот јавен повик за поднесени апликации за ИПАРД Програмата 2007-
2013,од 30.09.-29.11.2010 год
5.3. Дискусија за проблемите на аликантите од првиот јавен повик за ИПАРД Програмата 23.12.2009-17.03.2010
6. Информација/дискусија за резултатите од тековната проценка
7.Информација за ефективно функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД
8. Напредок за реализираните активности во Планот за Комуникација и Публицитет
8.1 Извештај за напредокот во спроведување на мерката за публицитет
8.2 Одобрување на ажуриран Комуникациски план на ИПАРД и нацрт верзија на Годишен Комуникациски План
8.3 Дискусија/одобрување на активности во предложениот Акционен план за комуникација 2011
9. Активности во врска со Техничка помош
9.1 Напредок во подготовка за акредитација на мерката 505 – Техничка помош
9.2 Одобрување на Предлог Годишен Акционен План за спроведување на Техничка Помош за 2011
10. Придонес од Комитетот за следење на ИПАРД за усвојување на следниот МИПД
10.1. Информација на статусот од потпишување на Повеќегодишната спогодба за финансирање за ИПА Компонента V – Рурален развој за финансиски период 2007-2013
11.Разно
11.1. Извештај за напредокот на усогласување на националното законодавство во однос на ИПАРД по НПАА
11.2 Извештај за спроведување на ТАИЕКС активности во однос на ИПАРД
11.3 ИПА Компонента I – Проекти за ИПАРД
11.4. Извештај на завршните активности спроведени од страна на СИП Проектот за поддршка на ИПАРД Програмата
12. Предлог дневен ред за следниот (8-ми) состанок и усогласување на датумот за следниот состанок

**Анекс 1 –Конечен Дневен ред за 7-ми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

Дневен ред
За седми Комитет за следење на ИПАРД

Датум: 16 декември, 2010
Место: Спортски Центар " Борис Трајковски" – Конгресна сала

1 .Одобрување на предлог дневниот ред за седми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД;
2. Усвојување на Записникот од претходниот (6-ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 28 мај, 2010 година);
3. Извештај на Телото за Управување со ИПАРД за реализација на Одлуките донесени на шестти состанок на Комитет за следење на ИПАРД, (одржан на 28 мај, 2010 година);
4. Информација од треттиот состанок на Комитетот за следење на ИПА, одржан на 3 декември, 2010 година
5. Состојба со спроведувањето на ИПАРД Програмата
5.1. Испитување на резултатите на ИПАРД Програмата преку индикаторите – податоците за следење
5.2. Состојба од вториот јавен повик за поднесени апликации за ИПАРД Програмата 2007-
2013,од 30.09.-29.11.2010 год
5.3. Дискусија за проблемите на аликантите од првиот јавен повик за ИПАРД Програмата 23.12.2009-17.03.2010
6. Информација/дискусија за резултатите од тековната проценка
7.Информација за ефективно функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД
8. Напредок за реализираните активности во Планот за Комуникација и Публицитет
8.1 Извештај за напредокот во спроведување на мерката за публицитет
8.2 Одобрување на ажуриран Комуникациски план на ИПАРД и нацрт верзија на Годишен Комуникациски План
8.3 Дискусија/одобрување на активности во предложениот Акционен план за комуникација 2011
9. Активности во врска со Техничка помош
9.1 Напредок во подготовка за акредитација на мерката 505 – Техничка помош
9.2 Одобрување на Предлог Годишен Акционен План за спроведување на Техничка Помош за 2011
10. Придонес од Комитетот за следење на ИПАРД за усвојување на следниот МИПД
10.1. Информација на статусот од потпишување на Повеќегодишната спогодба за финансирање за ИПА Компонента V – Рурален развој за финансиски период 2007-2013
11.Разно
11.1. Извештај за напредокот на усогласување на националното законодавство во однос на ИПАРД по НПАА
11.2 Извештај за спроведување на ТАИЕКС активности во однос на ИПАРД
11.3 ИПА Компонента I – Проекти за ИПАРД
- ЦЕПРОСАРД
- Проект за усвојување и примена на европското законодавство за Заедничката

земјоделска политика, а особено за основање на заедничката пазарна организација
- Проект за развој и спроведување на агро-еколошки мерки
11.4. Извештај на завршните активности спроведени од страна на СИП Проектот за поддршка на ИПАРД Програмата
12. Предлог дневен ред за следниот (8-ми) состанок и усогласување на датумот за следниот состанок

**Анекс 1 –Конечен Дневен ред за 7-ми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

REPUBLIC OF MACEDONIA

*IPARD Monitoring Committee*

# Minutes No. 7

## Minutes of the seventh meeting of the IPARD Monitoring Committee

16 December, 2010 /Congress Hall at Sports Hall "Boris Trajkovski", Skopje

Archive No. 16-5575/1

Date: 13.06, 2011

Skopje

**REPUBLIC OF MACEDONIA**

***IPARD Monitoring Committee***

# Minutes No. 7

# Minutes of the seventh meeting of the IPARD Monitoring Committee

**16 December, 2010 /Congress Hall at Sports Hall "Boris Trajkovski", Skopje**

**Archive No. 02 - _______/____**

**Date: _________, 2011**

**Skopje**

## I. LIST OF PARTICIPANTS

**The Chairperson of the IPARD Monitoring Committee, Mr. Perica Ivanoski** (MSc.), Deputy Minister of Agriculture, Forestry and Water Economy (MAFWE)

**The Secretariat of the IPARD Monitoring Committee was presented by:** The Head of the IPARD Managing Authority, **Mrs. Margarita Deleva** (MSc.), State Advisor for Rural Development and Secretary of the IPARD Monitoring Committee, **Ms. Vasilka Tamburkova**, Senior Associate for monitoring of the implementation of IPARD funds and reporting.

**Presence of members of the IPARD Monitoring Committee and their deputies:**

1. **Mr. Stojan Gacov**, State Advisor for Rural Development, Ministry of agriculture, forestry and water economy, stand-in for the member Mrs. Valentina Stojanovic
2. **Mr. Zhivko Brajkovski**, Head of EU department, Ministry of agriculture, forestry and water economy,
3. **Mr. Abdilgafar Sinani**, Head of the sector for agriculture, Ministry of agriculture, forestry and water economy,
4. **Mrs. Snezana Gerasimova Matevska**, Advisor, Ministry of culture,
5. **Mr. Jordan Kuzmanovski**, Director, Agency for promotion of agricultural development,
6. **Mrs. Vahida Redzepagic**, Director, Agency for promotion of entrepreneurship of the Republic of Macedonia, stand-in for the member Mr. Ljubisa Nikolovski
7. **Mr. Aleksandar Zarkov**, Agribusiness chamber, stand-in for the member Mr. Zoran Danevski
8. **Mr. Sasho Ristevski**, Secretary, Macedonian association of processors,
9. **Mrs. Marija Gjosheva Kovacevik**, Federation of farmers of the Republic of Macedonia,
10. **Mrs. Natasa Vrteska**, Legal Advisor, Association of the Local self-government Units
11. **Mrs. Olga Stoimenova**, President, Association of Women-farmers „Agro-Vinka", Vinica,
12. **Mrs. Olivija Shterjova**, Director, Craft Chamber of Republic of Macedonia,
13. **Mr. Hristo Lovacev**, NIPAC representative, Secretariat for European Affairs, stand-in for the member Mrs. Evgenija Serafimovska Kirkovski.

**Representatives from the European Commission (EC) in advisory role:**

1. **Mr. Gerard Kiely**, Head of Unit G.4., Directorate-general for Agriculture and Rural Development (DG-Agri)
2. **Ms. Elitza Yanakieva**, Desk Officer, Unit G.4, Directorate-general for Agriculture and Rural Development (DG-Agri)

**Representatives of the IPARD structure:**

1. **Representatives of National Authorising Officer (NAO) and National Fund (NF):**
- **Ms. Aleksandra Simjanovska**, Head of Unit, Ministry of Finance

2. **Representatives of the IPARD Managing Authority (IPARD MA):**
- **Mr. Viktor Mladenovski,** Senior Associate, Unit for monitoring of IPARD funds and reporting

- **Mr. Aleksandar Mitrevski,** Senior Associate, Unit for Programming and Evaluation of IPARD funds
- **Mr. Stojan Gacov,** Advisor, Unit for Programming and Evaluation of IPARD funds,
- **Mr. Igor Troshanski,** Advisor, Unit for Programming and Evaluation of IPARD funds

3. **Representatives of the Agency for Financial Support of Agriculture and Rural Development (IPARD Agency):**

- **Mr. Toni Dimovski,** Director of the IPARD Agency
- **Mrs. Maja Brajovik,** Head of Internal Audit Department
- **Mrs. Biljana Vukovic,** Head of the unit for legal affairs

